АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

20. 02. 2015
10 1389 1

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 февруари 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски и на албански јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 3 февруари 2015 година, <u>е констатирано прекршување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот</u> за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги (најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и на албански јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот).

Програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, во анализираниот ден емитуваше вкупно **23.76%** изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и на албански јазик. Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не ја исполни обврската да емитува најмалку половина од законски утврдениот минимум од 40% изворно создадена програма во Р.М на македонски јазик и на албански јазик.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, на 3 февруари 2015 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски и на албански јазик, ниту пак, најмалку половина од нејзе емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***